ФАКУЛТЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ И ДИПЛОМАТИЈА

# Д Е Л О В Н И К

## ЗА

## РАБОТА НА НАСТАВНИОТ - НАУЧЕН СОВЕТ

Скопје, ноември 2018

Соглсно Законот за високото образование, и Сатут на ФОН Универзитет , ННС на Факултет за политички науки и дипломатија на седница на седницата одржана на 027.11.2018 го донесе следниот:

# Д Е Л О В Н И К З А Р А Б О Т А

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

**Член 1**

Со овој деловник се уредуваат начинот на закажување на седниците на Наставниот - научен совет на Факултет за политички науки и диипломатија, начинот на работа и одлучување, како и за правата и обврските на членовите Наставниот - научен совет.

Член 2

**Согласно член 130 од Статутот на ФОН Универзитет,** Наставниот - научен совет е орган на управување и стручен орган на факултетите во состав на Универзитетот.

Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните професори, вонредните професори и доцентите кои се во работен однос на факултетот.

Во Советот по еден претставник избира факултетското студентско собрание на факултетот со мандат од една година.

## НАДЛЕЖНОСТ НА НАСТАВНИОТ - НАУЧЕН СОВЕТ

Член 3

**Согласно член 131 од Статутот на ФОН Универзитет ,** Наставниот - научен совет како стручен орган:

- донесува тригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
- донесува програма за научно - истражувачка дејност;
- му предлага на Сенатот студиски и предметни програми;
- избира членови на сенатот (сенатори),

- избира декан на факултетот и му ја доставува одлуката за избор на сенатот за потврдување;
- избира и разрешува продекани на факултетот;
- врши избор во наставно-научни звања доцент и вонреден професор, како и во наставно-стручни, уметнички и соработнички звања и демонстратори;
- му предлага на Сенатот избор на редовни професори;
- формира рецензентски комисии за изготвување реферати за избор во звања;
- предлага доделување звање професор емеритус;
- предлага воведување на последипломски и докторски студии;
- усвојува стручни програми и програми за континуирано и доживотно учење;
- презема мерки за унапредување на наставната, научно-истражувачката и применувачката дејност;
- усвојува распоред на часови и наставата за секој семестар согласно глобалниот распоред за настава;
- доверува настава на поединечни наставници кои не се вработени на Универзитетот;
- презема мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
- избира и разрешува членови на Комисијата за евалуација на факултетот и членови на поткомисиите за евалуација на насоките;
- формира стручни комисија за признавање на високообразовни квалификации стекнати во земјата и странство;
- формира факултетска конкурсна комисија за запишување на студенти по објавен конкурс;
- формира повремени или постојани комисии и други работни тела за одделни прашања од својата надлежност; предлага организирање на домашни и меѓународни собири, конференции, симпозиуми, советувања и слично;
- иницира меѓународна соработка;
- зазема став за наставно-научни и за стручни престои во странство, по предходно одобрение од основачот и од ректорот на Универзитетот; ги разгледува и одлучува за рецензии на ракописи, наставно научни помагала и други трудови;
- предлага вработување на наставно - научни работници и соработници;
- врши и други работи утврдени со закон и Статут.

Член 3

Согласно член 21, Законот за високото образование, и Сатут на ФОН Универзитет се систематизира **дејноста на единиците на универзитетот ,** во рамките на својата дејност:

1) го планира остварувањето и развојот на дејностите за кои е основана во рамките на буџетските средства, самофинансирачките активности, донации и слично,

2) врши високообразовна, научно-истражувачка, примену- вачка, односно уметничка дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини и уметнички области,

3) остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со статутот на универзитетот и на единицата,

4) организира научни и уметнички собири, симпозиуми, семинари, советувања и други видови на собири,

5) во рамките на единствениот библиотечно-информациски систем утврден од универзитетот, ја организира работата на библиотеката и организира библиотечно-информациска и документациона дејност,

6) издава уверенија и други исправи за завршени студии и други видови на образование, според условите утврдени во статутот на универзитетот,

7) предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените,

8) остварува различни студии за надоградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование,

9) разменува научни, уметнички и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица,

10) остварува издавачка дејност и

11) врши и други работи утврдени со овој закони статутот на универзитетот.

**Факултетот** може да врши и високообразовна дејност за стручни студии, кои согласно овој Закон ги врши високата стручна школа, согласно со статутот на универзитетот.

## II. СЕДНИЦИ НА НАСТАВНИОТ - НАУЧЕН СОВЕТ

### 1. Закажување на седниците

**Член 4**

Седниците на Наставниот - научен совет ги закажува деканот.

Седница на Наставниот - научен совет може да закаже и да одржи и еден од членовите на ННС, во согласност со деканот.

**Член 5**

Седниците на Наставниот - научен совет, по правило, се одржуваат еднаш месечно.

За итни и неодложни прашања, кога тоа го налагаат објективни услови, седница на Наставничкиот Совет може да се одржи уште еднаш во текот на месецот.

**Член 6**

Седниците на Наставниот - научен совет се закажуваат најмалку 5 дена пред одржувањето на седницата.

Во исклучителни ситуации, кога тоа го налага итноста на постапувањето, согласно член 3, став 2 од овој Деловник, седницата може да се закаже и во покус период.

**Член 7**

Седниците на Наставниот - научен совет се свикуваат со писмено известување.

Известувањето содржи датум, час и место на одржување на седницата, како и дневниот ред кој се предлага.

Писмените известувања се доставуваат до сите членови на Наставниот - научен совет.

Со писмените покани се доставуваат и документи, предлог документи и други материјали потребни за одржување на седницата.

За закажувањето на седницата може да бидат известен ректорот на ФОН Универзитет или други лица, гости или експерти од одредена област.

## 2. ТЕК НА СЕДНИЦИТЕ НА НАСТАВНИОТ - НАУЧЕН СОВЕТ

**Член 8**

Со седниците на Наставниот - научен совет раководи деканот.

**Член 9**

Најнапред деканот утврдува колку членови на Наставниот - научен совет се присутни и дали го има потребното мнозинство за полноправна работа и одлучување.

Наставниот - научен совет може да работи и полноправно да одлучува ако на седницата присуствуваат најмалку половина од неговите членови.

**Член 10**

Доколку на седницата не присуствуваат доволен број членови за полноправно работење и одлучување, седницата се презакажува, за не подого од 24 часа.

Членовите на Наставниот - научен совет кои не присуствувале на седницата, за нејзиното презакажување се информираат усно, по телефон, преку електронска пошта или на друг погоден начин.

**Член 11**

Откако ќе се утврди дека на седницата присуствуваат потренбниот број членови на Наставниот - научен совет за полноправно работење и одлучување се утврдува дневниот ред.

Дневниот ред се прифаќа кој е предложен од страна на деканот или со негови измени и дополнувања.

**Член 12**

По утврдувањето на дневниот ред, се расправа по сите точки, по редоследот кој е утврден.

Секоја точка од дневниот ред кусо ја образложува деканот, предлага соодветни заклучоци и отвора дискусија.

**Член 13**

Деканот им дава збор на пријавените дискутанти по редот по кој се пријавиле.

Пред да му даде збор на наредниот дискутант, деканот ќе му овозможи реплика на спомнатиот во дискусијата. Дискутантот има право на реплика. Во ваков случај деканот води сметка расправата да не премине во дијалог или меѓусебна вербална расправија.

Пред да му даде збор на наредниот дискутант, деканот може да побара појаснување или информација од претставници на стручните служби кои се присутни на седницата.

Појаснување или информација од претставници на стручните служби кои се присутни на седницата, ректорот може да побара и пред и по исцрпувањето на сите дискусии по таа точка од дневниот ред.

**Член 14**

При дискусиите деканот води сметка дискутантите да не се оддалечуваат од темата на дискусија и за разумното време за дискутирање или реплицирање.

Деканот ќе ја прекине дискусијата и ќе му го одземе зборот на дискутантот кој не се придржува на темата, непотребно временски одолговлекува со дискусијата или се однесува непристојно.

## 3. ОДЛУЧУВАЊЕ

**Член 15**

Наставниот - научен совет одлучува со мнозинство гласови.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови, но не помалку од 1/3 од вкупниот број членови на Наставниот - научен совет.

**Член 16**

Наставниот - научен совет, по правило, одлучува со јавно гласање.

Наставниот - научен совет може да одлучи за одделни прашања, да се одлучува со тајно гласање.

**4. ЗАПИСНИК**

**Член 17**

За седницата на Наставниот - научен совет се води записник.

Записникот се усвојува на една од наредните седници.

Усвоениот записник го потпишува деканот.

**Член 18**

Доколку некој од членовите на Наставниот - научен совет не се слага со оодделна одлука, по негово барање, неговото мислење може да биде посебно наведено во записникот.

**III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НАСТАВНИОТ - НАУЧЕН СОВЕТ**

**Член 19**

Членовите на Наставниот - научен совет имаат право да:

- предлагаат измени и дополнувања на предложениот дневен ред;
- дискутираат по секоја точка од дневниот ред;
- реплицираат на дискутантот;
- предлагаат одлуки, заклучоци или ставови;
- предлагаат донесување, дополнување, менување или укинување на општи акти на Факултетот за политички науки и дипломатија;
- членуваат ва комисии и тела на Наставниот - научен совет.

**Член 20**

Членовите на Наставниот - научен совет се должни да присуствуваат на седниците на Ректорската управа и да допринесуваат во неговата работа.

Деканот ќе го опомени членот на Наставниот - научен совет кој неоправдано изостанал од неговата седница.

Доколку неоправданото отсуство се повтори и по опомената, ректорот е должен на предложи поведување на дисциплинска постапка пред соодветните органи на Универзитетот.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Сите одредби од овој Деловник кои се однесуваат на деканот соодветно се применуваат на продеканот доколку тој ја закажале или одржале седницата или одржи закажана седница на Наставниот - научен совет.

**Член 22**

Овој деловник влегува во сила следниот ден по објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Скопје 02 .11.2018** **Д е к а н**

**Проф. Др. Назми Маљичи**